Проф. д-р Емилија Стоименова-Цаневска, D.Psych (Gt) (Hon.)

**Лиценциран здравствен психолог, гешталт психотерапевт, едукатор и супервизор**
**Носител на европски сертификати од EAP и EAGT**

Проф. д-р Емилија Стоименова-Цаневска е лиценциран здравствен психолог, гешталт психотерапевт и супервизор со повеќе од три децении академско и клиничко искуство. Таа е доктор на науки по клиничка и здравствена психологија и основач, тренер и супервизор на Европскиот акредитиран психотерапевтски тренинг институт – Гешталт Институт Скопје. Воедно, е предавач и супервизор на постдипломските студии при Факултетот за гешталт психотерапија на Малта - EAPTI GPTIM.

Како пионер психотерапијата во , таа значително придонела за развојот на европски акредитирана психотерапевтска едукација во регионот - Србија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Косово и  Бугарија. Нејзината експертиза ги опфаќа клиничката психологија, супервизијата, перинаталната  психотерапија и психотерапијата на траума, како и системските констелациски организациски и семејни пристапи.

Има одржано пленарни предавања на бројни меѓународни конгреси и е активен член на EAP, EAGT, EAYATSCIP, МПА, EGN, како и Комората на Психолози од нејзиното постоење до денес. Во претходниот мандат била дел на Управниот одбор на Комората, а сега е член на НАдзорниот одбор. Во 2019 година е добитник на **награда „Јосип Бергер"** за извонредни научни достигнувања во областа на гешталт психотерапијата.